ЕСМ ПРОДАЖБА

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ
Бр. 01-3811/1
23.12. 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник 24/19) ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК Бр.01-2022
## за прибирање на понуди за набавка на природен гас

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Договорен орган по јавен повик бр.01-2022 е ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.11-ти Октомври бр.9, Скопје.

1.2 Предмет на набавката е: природен гас.

1.3 Огласот е јавен со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица регистрирани за ваква дејност.

## 2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1 Понудата треба да содржи вкупна количина на природен гас која понудувачот ја има обезбедено на главната мерна станица (ГМС) Жидилово, за период 01.01.2023 година, до 30.04.2023 година, изразена во мерни единици Kwh и/или Nm³.

Доколку понудата се доставува само во мерни единици Nm³, природниот гас задолжително да биде со следниов квалитет:

- Метан (CH4) ..................................................мин. 85%
- Етан (C2H6) ..................................................макс. 7%
- Пропан (C3H8), Бутан (C4H10) и потешки Јаглеповодороди ......... .макс. 6%
- Инертни гасови Азот (N2 + CO2) ..................................................макс. 7%
- Јагленороден двооксид (CO2) ..................................................макс. 2,5%
- Кислород (O2) ..................................................макс. 0,001%
- Вкупен сулфур ..................................................макс. 30 (mg/m3)
- Сулфурводород и јаглеродни сулфити вкупно (H2S+COS) ..............макс. 5 (mg/m3)
- (RHS)..................................................макс. 6 (mg/m3)

Горна топлотна вредност Hg, kWh/m3 – мин.10,28 / макс.12,75

Долна топлотна вредност Hd, kWh/m3 – мин.9,25 / макс. 11,47

*Вредностите се однесуваат на волумен природен гас од 1 m³ при притисок 1,01325 bar и температура 20°C.

Ако понудата се доставува во kWh, задолжително се доставува и потврда дека природниот гас е со квалитет во рамки на дефинираните граници.

2.2 Понудата треба да содржи единечна цена по мерна единица во која е изразена понудата.

2.3 Понудата треба да го содржи називот, адресата и седиштето на понудувачот.

2.4 Технички карактеристики на природниот гас (сертификат за квалитет).

2.5 Земја на потекло на природниот гас.

2.6 Услови на плаќање.

2.7 Изјава од одговорното лице на понудувачот дека е во можност да ги обезбеди наведените количини на природен гас за периодот за кој се дава понуда.

2.8 Копија од Договор, Изјава, Писмено одобрување или друг соодветен документ со кој може да се потврди дека понудувачот има дозвола од производителот на природен гас да располага и тргува со количините.

2.9 Начин на обезбедување – гаранција, доколку се бара авансна уплата.

2.10 Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда, и Договорниот орган во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци.

## 3. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Понудите се доставуваат на еден од следниве начини:

- Скенирани оригинали заверени, со печат, потпис од одговорното лице на компанијата на следната е-маил адреса: esmprodazba-toplina@elem.com.mk
- Оригинални понуди во тврда копија, доставени во архивата на ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје, на ул.11-ти Октомври бр.9, 1000 Скопје
- Електронски потпишани понуда и документи од овластено лице на компанијата на следната е-маил адреса: esmprodazba-toplina@elem.com.mk

ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ